Уп. бр.08-163

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (United Group Bulgaria EOOD), со регистрирано седиште на 115и Цариградско шосе, 1784 Софија, Бугарија, преку Божидар Милошевиќ адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (United Group Bulgaria EOOD), со регистрирано седиште на 115и Цариградско шосе, 1784 Софија, Бугарија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвата Вива Корпорејт Бугарија ЕООД (VIVA Corporate Bulgaria EOOD), со регистрирано седиште на ул. Фридтјоф Нансен 37А, 5$^{ти}$ кат, 1142, Софија, Бугарија, вклучувајќи ги и неговите зависни друштва Булсатком Инвестмент Лимитед (Bulsatcom Investment Limited), со регистрирано седиште на Рутланд Хаус Ц/О Цсу Теам, Скварјр Патон Боггс (УК) ЛЛП, 148 Едмунд Стрит, Бирмингем, Б3 2JP, Обединетото Кралство и Булсатком ЕООД (Bulsatcom EOOD), со регистрирано седиште на ул. Магнаурска школа 15, 4$^{ти}$ кат, 1784 Софија, Бугарија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.11.2023 година а дополнето на 01.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (United Group Bulgaria EOOD), со регистрирано седиште на 115и Цариградско шосе, 1784 Софија, Бугарија, со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД Софија, Бугарија стекнува самостојна контрола над друштвата Вива Корпорејт Бугарија ЕООД (VIVA Corporate Bulgaria EOOD), со регистрирано седиште на ул. Фридтјоф Нансен 37А, 5$^{ти}$ кат, 1142, Софија, Бугарија, вклучувајќи ги и неговите зависни друштва Булсатком Инвестмент Лимитед (Bulsatcom Investment Limited), со регистрирано седиште на Рутланд Хаус Ц/О Цсу Теам, Скваjр Патон Боггс (УК) ЛЛП, 148 Едмунд Стрит, Бирмингем, Б3 2JP, Обединетото Кралство и Булсатком ЕООД (Bulsatcom EOOD), со регистрирано седиште на ул. Магнаурска школа 15, 4$^{ти}$ кат, 1784 Софија, Бугарија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Јунајтед Груп Бугарија ЕООД е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори. БЦ Партнерс е меѓународен инвестициски фонд кој нуди избрани, фокусирани инвестициони стратегии наменети да се дополнуваат една со друга и да создаваат синергија во корист на своите инвеститори. Основан во 1986 година како еден од првите пан-европски инвеститори, БЦ Партнерс се развил во една од водечките алтернативни инвестициони компании, инвестирајќи првенствено во поголеми бизниси во Европа и Северна Америка преку својата мрежа на канцеларии во Лондон, Хамбург и Њујорк. БЦ Партнерс обезбедува конзистентен пристап на инвестирање преку своите три стратегии, користејќи се со детални анализи за да обезбеди заштита од ризик и идентификација на реални и значајни можности за создавање вредност. Неговата партнерска структура е направена на начин да ги усклaдува интересите на компаниите со интересите на инвеститорите.

Во Северна Македонија, БЦ Партнерс е присутен преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје,

Северна Македонија, а кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација;

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се занимава со дејности на агенција за маркетинг; и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, а кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));
- услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

БЦ Партнерс оствариле најголем дел од своите приходи во Северна Македонија во 2022 година (преку 95%) преку Јунајтед Груп, меѓутоа оствариле и одредени ограничени приходи преку други портфолио друштва: Springer Nature, Pharmathen и Keter.

Дополнително, Јунајтед Медиа е холдинг друштво дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува на телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави во регионот.

Јунајтед Медиа е друштво кое управува со медиумски услуги и услуги за огласување во рамките на групацијата, вклучувајќи производство и емитување на телевизиски канали, производство и набавка на програмски содржини и поврзани активности.

Целните друштва ВИВА Корпорејт Бугарија ЕООД и Булсатком Инвестмент Лимитед се холдинг друштва.

Друштвото Булсатком ЕООД е телекомуникациски оператор, со седиште во Софија, кој обезбедува услуги за дистрибуција на телевизиски медиумски содржини (првенствено преку сателитски и IPTV технологии), широкопојасен интернет и фиксна телефонија.

Друштвото Булсатком ЕООД е основано во 2000 година.

Целните друштва немаат зависни друштва во Република Северна Македонија и во претходната година не оствариле приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**